ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА

ул. Македонија 12/3
Палата Македонија
Скопје, Р.Македонија
Тел: + 389 2 3211 262
Факс: +389 2 3126 311
e-mail: dzr@drz.gov.mk
www.dzr.gov.mk

**Број:18-228/8**

**Дата: 05.12.2013**

**ДО**
**ДИРЕКЦИЈАТА ЗА ТЕХНОЛОШКИ ИНДУСТРИСКИ РАЗВОЈНИ ЗОНИ СКОПЈЕ**

# КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ НА ОВЛАСТЕНИОТ ДРЖАВЕН РЕВИЗОР

## Резиме

Извршивме ревизија на приложените финансиски извештаи заедно со ревизија на усогласеност на Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони Скопје (во понатамошниот текст Дирекција), сметката на буџет од самофинансирачка активност (787) за 2012 година.

Не е вршена ревизија, ниту сме издале било каков извештај за финансиските извештаи заедно со ревизија на усогласеност на Дирекцијата на буџет од самофинансирачка активност за годината која и претходи на годината која е предмет на оваа ревизија.

Изразено е негативно мислење во однос на вистинитоста и објективноста на Билансот на состојба, мислење со резерва за Билансот на приходи и расходи како и за усогласеност со законските прописи во финансиските трансакции за 2012 година.

Во известувачкиот период не е извршен целосен попис и усогласување на сметководствената со фактичката состојба на средствата и нивните извори со состојба на 31.12.2012 година.

Корисниците на Технолошките индустриски развојни зони (ТИРЗ) не се придржуваат на навремено и целосно плаќање на обврските кои ги имаат спрема Дирекцијата за извршени услуги утврдени во Законот за ТИРЗ и подзаконските акти.

Постојат значајни настани кои не влијае на мислењето, но сепак треба да се нагласат и тоа:

Утврдена е системска слабост во одредбите на Законот за ТИРЗ според кој врз основа на добиени податоци од од Агенцијата за странски инвестиции и промоција на извозот (АСИПИРМ), Дирекцијата има законска обврска да води евиденција за доделената државна помош и во име на давателот, односно давателите на државна помош да подготвува годишен извештај и го доставува до Комисијата за заштита на конкуренцијата. Дирекцијата нема воспоставено таква евиденција од причина што воспоставувањето на таква евиденција и изготвување и доставување на Извештај до Комисијата за заштита на конкуренцијата зависи од добивање на податоци.

Со ревизијата е констатирано одредени состојби кои укажуваат на неизвесност и тоа:
Корисниците на ТИРЗ ненавремено ги доствиле Годишните извештаи за своето работење за 2012 година до Дирекцијата. Поради тоа Дирекцијата не е во состојба навремено да изготви и достави Извештај за работата на технолошките индустриски развојни зони за 2012 година до Владата на Република Македонија.

Утврдени се состојби во снабдувањето со природен гас во однос на дозволеното отстапување од договорените количини на испорачан и примен природен гас. Утврдено е дека дозволените отстапувања на испорачан и примен природен гас отстапуваат од дозволеното во договорот повеќе од 10%. Ваквата состојба може да придонесе да се зголемат трошоците за снабдување со природен гас.

Од Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони доставени се забелешки по Нацрт извештајот на овластениот државен ревизор за извршена ревизија на финансиските извештаи и ревизија на усогласеност за 2012

## 1. Вовед

1.1. Извршивме ревизија на приложените финансиските извештаи (страна 16 до 18) заедно со ревизија на усогласеност на Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони Скопје за 2012 година на сметката на буџет од самофинансирачки активности кои се состојат од биланс на состојба на ден 31 декември, биланс на приходи и расходи за годината која завршува со тој датум, извештај за промените на извори на капиталните средства за годината која завршува со тој датум и преглед на значајни сметководствени политики и објаснувачки белешки кон финансиските извештаи.

1.2. Ревизијата на финансискиот извештај од точка 1.1. на овој извештај е извршена согласно член 22 став 1 од Законот за државна ревизија и Годишната програма за работа на Државниот завод за ревизија согласно член 23 од Законот за државна ревизија.

1.3. Не е вршена ревизија, ниту сме издале било каков извештај за финансислите извештаи заедно со ревизија на усогласеност на Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони Скопје – сметка од на буџет од самофинансирачка активност (787) за годините кои и претходатна годината која е предмет на оваа ревизија.

1.4. Финансиските извештаи од точка 1.1. на овој извештај, е одговорност на раководството на субјектот застапувано од:

- Виктор Мизо, директор на Дирекцијата во период од 30.09.2011 година.

Оваа одговорност вклучува дизајнирање, имплементација и одржување на интерна контрола која што е релевантна за подготвување и објективно презентирање на финансиските извештаи кои што се ослободени од материјално погрешни прикажувања, без разлика дали се резултат на измами или грешки, избор и примена на соодветни сметководствени политики, како и правење на сметководствени проценки кои што се разумни во околностите.

Раководството на субјектот е исто така одговорно за осигурување дека

активностите, финансиските трансакции и информации, рефлектирани во финансиските извештаи се во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

Одговорност на ревизорите е да изразат мислење за финансиските извештаи од точка 1.1., врз основа на извршената ревизија. Оваа одговорност вклучува и изразување мислење за тоа, дали активностите, финансиските трансакции и информации рефлектирани во финансискиот извештај се во сите материјални аспекти, во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

Оваа одговорност вклучува извршување на постапки за добивање ревизорски доказ за тоа дали приходите и расходите на Дирекцијата се користени за планираните намени утврдени од страна на законодавецот. Таквите постапки вклучуваат и проценка на ризикот од неусогласеност.

## 2. Цели и делокруг на ревизијата

2.1. Цел на ревизијата:

На финансиските извештаи е да му овозможи на ревизорот да добие разумно уверување за тоа дали финансиските извештаи се ослободени од материјално погрешни прикажувања без разлика дали се резултат на измами или грешки и да изрази мислење за тоа дали финансиските извештаи се изготвени, во сите материјални аспекти, во согласност со применливата рамка за финансиско известување

На усогласеност во врска со ревизијата на финансиските извештаи е да му овозможи на ревизорот да добие разумно уверување за тоа дали активностите, финансиските трансакции и информациите рефлектирани во финансиските извештаи се, во сите материјални аспекти, во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

2.2. Финансиските извештаи кои се предмет на овој извештај се засновани врз завршната сметка составена според применливата рамка за финансиско известување во Република Македонија.

2.3. Ревизијата е извршена во согласност со стандардите за државна ревизија на Меѓународната организација на Врховни ревизорски институции (ИНТОСАИ) кои се пропишани за примена во Република Македонија. Овие стандарди налагаат да ги почитуваме етичките барања и да ја планираме и извршиме ревизијата со цел да добиеме разумно уверување за тоа дали финансиските извештаи се ослободени од материјално погрешни прикажувања. Ревизијата вклучува испитувања докази коишто ги поткрепуваат износите и обелоденувањата во финансиските извештаи. Изборот на постапки зависи од ревизорската процена, вклучително и процена на ризиците за материјални погрешни прикажувања во финансиските извештаи без разлика дали се резултат на измами или грешки.

При процена на ризиците, ревизорот ги разгледува интерните контроли како релевантни за подготовката и објективното презентирање на финансиските извештаи со цел да се дизајнираат ревизорски постапки кои се соодветни во околностите, но не за целите на изразување на мислење за ефективноста на интерните контроли на субјектот. Ревизијата исто така вклучува проценка на соодветноста на користените сметководствени политики и сметководствени проценки направени од страна на раководството на субјектот од точка 1.4. на овој извештај, како и општа оценка за севкупното презентирање на финансиските извештаи. Веруваме дека обезбедените докази ни обезбедуваат разумна основа за нашето ревизорско мислење.

Ревизијата од точка 1.1. погоре е планирана и извршена во периодот од 28.05.2013 до 23.08.2013 година кај Дирекцијата од тим на Државниот завод за ревизија.

## 3. Наоди и препораки

Прашањата кои ги покрива овој извештај беа дискутирани на завршниот состанок со раководството и одговорните лица на субјектот-предмет на ревизија, одржан на ден 21.08.2013 година.

Од Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони доставени се забелешки по Нацрт извештајот на овластениот државен ревизор за извршена ревизија на финансиските извештаи и ревизија на усогласеност за 2012.

## 3.1. Финансиски извештаи

### Биланс на состојба

3.1.1. Дирекцијата не преземала мерки и активности за извршување на целосен попис и усогласување на сметководствената со фактичката состојба на средствата и нивните извори, со состојба на 31.12.2012 година, односно не е извршен попис на побарувањата, дадените аванси, побарувањата од државата и други институции, обврски спрема добавувачите во земјата и странство, примените аванси и обврските за даноци. Поради неизвршување на пописот утврдени се состојби обврски кои се однесуваат за 2011 година да се евидентираат во 2012 година, а обврски од 2012 година да се евидентираат во 2013 година. Горенаведеното не е во согласност со одредбите на член 21 од Законот за сметководство на буџетите и буџетските корисници и членовите 29-35 од Правилникот за сметководството за буџетите и буџетските корисници, што придонесува да се нема увид во целосноста, комплетноста и реалноста на искажаните побарувањата и обврски по повеќе основи и правниот основ за постоење на истите.

Непревземањето на активности и мерки и непочитувањето на наведените законски и подзаконски акти за спроведување на пописот предизвикува неможност да се утврди фактичката состојба на побарувањата и обврските во Билансот на состојба, а со тоа и реалноста и објективноста на искажаните активни и пасивни временски разграничувања, да се изврши нивно усогласување со сметководствената евиденција и за евентуално утврдените разлики да се изјасни органот на управување. Освен тоа немањето на реален увид во состојбата на побарувањата и обврските влијае на изработката на финансиските планови и реално пријавување на обврските по ставки во Министерството за финансии - Сектор за трезор.

**Препорака:**

Надлежните органи на управување и раководење на Дирекцијата да преземат активности и мерки за целосно извршување на пописот на крајот на пресметковниот период и да се обезбедат податоци за усогласување на сметководствената со фактичката состојба.

3.1.2. Согласно Законот и подзаконските акти за ТИРЗ, за услугите кои Дирекцијата ги врши, на корисниците на ТИРЗ доставува фактури, а фактурираните услуги корисниците треба да ги платат во определен рок.

За извршување на услугите, Дирекцијата со корисниците на ТИРЗ има склучено договори за вршење дејност. Согласно условите пропишани во договорите, како и Правилата за условите за користење на технолошко индустриската развојна зона - Скопје 1, Тарифникот за надоместоци за извршени услуги на корисникот на технолошка индустриска развојна зона и Тарифникот на основачот на ТИРЗ Скопје 1 на надоместоците за извршени услуги кон корисниците на ТИРЗ Скопје`1, обврската за годишниот паушал за вршење на дејност за вкупна површина под закуп и поединечни услуги за барање за вршење дејност, решение за отпочнување со работа, жалби по решенија корисниците на ТИРЗ се должни да ги платат авансно, додека другите услуги се должни да ги платат во рок од осум дена од денот на доставување на фактурата на приходната сметка на Дирекцијата.

Со увид во сметководствената евиденција е констатирано дека дел од корисниците на ТИРЗ не се придржуваат на утврдениот рок на плаќање на обврските за извршени услуги од Дирекцијата.

**Препорака:**

Надлежните органи на управување и раководење на Дирекцијата да превземат активности и мерки за целосно почитување на утврдените обврски кои корисниците на ТИРЗ ги имаат по основ на извршени услуги од страна на Дирекцијата.

## 4. Ревизорско мислење

### Мислење за финансиски извештаи

Според наше мислење, кај Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони, сметка на буџет од самофинансирачки активности - 787, поради значајноста на прашањата изнесени во точката 3.1.1. Билансот на состојба не ја претставува вистинито и објективно во сите материјални аспекти финансиската состојба на ден 31.12.2012 година, а освен за изнесеното во точката 3.1.2., Билансот на приходи и расходи - резултатот од финансиските активности за годината која завршува со тој датум е прикажан вистинито и објективно, во сите материјални аспекти.

### Мислење за усогласеност со закони и прописи

Според наше мислење, освен за изнесеното во точките 3.1.1 и 3.1.2 финансиските активностите, финансиските трансакции и информации, рефлектирани во финансиските извештаи на Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони се во согласност со релевантната законска регулатива, упатствата и воспоставени политики.

## 5. Системски слабости

### Државна помош

5.1. Согласно одредбите на член 4-а став 1 од Законот за ТИРЗ на корисниците во зоната се доделува државна помош во облик на регионална помош според условите утврдени со Законот за ТИРЗ.
Во име на Владата на Република Македонија како давател на државна помош, Агенцијата за странски инвестиции и промоција на извозот на Република Македонија ( АСИПИРМ) склучува договор во кој е определена државната помош која се доделува на корисникот на зоната согласно Законот за ТИРЗ.
Давателите на државна помош се должни секоја година до 28 февруари да доставуваат до АСИПИРМ информации за доделената државна помош за изминатата година. АСИПИРМ доставува до Собранието на Република Македонија и до Дирекцијата вкупна информација за доделената државна

помош за изминатата година.

Дирекцијата води евиденција за доделената државна помош и во име на давателот на државната помош доставува Годишен извештај до Комисијата за заштита на конкуренцијата еднаш годишно најдоцна до 31 март во тековната за претходната година.

Во изминатите години, односно од измените на Законот за ТИРЗ (19.11. 2009 година), АСИПИРМ, иако има законска обврска не доставила до Дирекцијата вкупна информација за доделената државна помош за изминатата година, до 28.02. тековната година. Врз основа на таа информација Дирекцијата има законска обврска да достави информација до Комисијата за заштита на конкуренцијата. Причините за неизвршувањето на оваа обврска од страна на Дирекцијата, односно состојбата по години е следна:

- За деловната 2010 година од страна на АСИПИРМ до Дирекцијата е испратен допис од 21.03.2011 година во кој е наведен износот на државна помош во вид на регионална помош доделена во 2009 и 2010 година на еден корисник од ТИРЗ во вкупен износ од 79.846 илјади денари. Врз основа на овој допис Дирекцијата испратила писмо на 26.03.2011 година до АСИПИРМ со кое бара целосност на податоците, односно недостигаат податоци за даночни ослободувања и олеснувања, вредност на инвестицијата и број на вработени. Истиот ден АСИПИРМ доставила одговор на бараните податоци дека АСИПИРМ има податоци единствено за исплатената државна помош по основ на договори за државна помош кои АСИПИРМ ги има потпишано како претставник на Владата на Република Македонија, додека за даночните олеснувања иако има доставено допис до Управата за јавни приходи (УЈП) од таму нема добиено одговор.

- Од овие причини, Дирекцијата со писмо од 04.04.2011 година ја известила Комисијата за заштита на конкуренцијата дека поради недостиг на информации извештајот ќе го достават во моментот кога ќе добијат комплетирани податоци од страна на АСИПИРМ, но дополнителни податоци не се добиени и тука завршила комуникацијата.

- За деловната 2011 година од страна на Дирекцијата до АСИПИРМ е

испратен допис од 30.03. 2012 година со кој се бара во најкраток можен рок податоците да бидат доставени до Дирекцијата. Во истиот ден поради запазување на законски предвидениот рок, доставен е допис со кој се известува Комисијата за заштита на конкуренцијата дека по добивање на податоците од АСИПИРМ, истите ќе се достават до Комисијата. Со овие дописи комуникацијата тука е престаната.

- За деловната 2012 година не се испратени дописи до Агенцијата и до Комисијата и не се добиени податоци од Агенцијата.

Вака поставената законска обврска според која давателите на државна помош се должни секоја година до 28 февруари да достават до АСИПИРМ информација за доделената државна помош, АСИПИРМ да ги дистрибуира тие податоци до Дирекцијата и дополнително да бара податоци од други органи (УЈП), а Дирекцијата да води евиденција за доделената државна помош и во име на давателот на државна помош да достави годишен извештај до Комисијата за заштита на конкуренцијата во пракса не функционира, поради што ревизијата препорачува точките 12 и 13 од членот 4-а од Законот за технолошки индустриски развојни зони да се преоцени и преиспита.

Дирекцијата иако има законска обврска да води евиденција за доделената државна помош и во име на давателот, односно давателите на државна помош подготвува годишен извештај и го доставува до Комисијата за заштита на конкуренцијата нема воспоставено таква евиденција од причина што воспоставувањето на таква евиденција и изготвување и доставување на Извештај до Комисијата за заштита на конкуренцијата зависи од добивање на податоци од АСИПИРМ.

## 6. Нагласување на прашања за неизвесност и континуитет

**Обврски на корисникот на ТИРЗ**

6.1. Обрнуваме внимание на следното: Заклучно со 31.122012 година според податоците на Дирекцијата во ТИРЗ Скопје 1 работат шест корисници кои имаат добиено решенија за започнување со работа од кои еден се уште е во фазата градење и не е отпочнат со работа, додека другите пет корисници се отпочнати со работа.

Согласно одредбите на чле 33 став 6 од Законот за ТИРЗ, корисникот на ТИРЗ е должен до основачот на зоната (основач е Владата на Република Македонија, а работите во врска со основањето, управувањето и развојот на зоната во име на Основачот го врши Дирекцијата за ТИРЗ) да му достави годишен извештај за работењето за претходната година, најдоцна до 31.мај во тековната година. Годишниот извештај содржи податоци особено за:

- Обемот на производството, односно услугите остварени во зоната, квантитативно и вредносно;
- Извршената надворешно-трговска, вредносна и количинска и тоа по земји, производи, земја-производ и
- Број на остварени вработувања во извештајниот период по квалификациона структура.

Дирекцијата е должна најдоцна 15 дена пред истекот на рокот за извештајот - 31 март, член 33 став 9 од Законот за ТИРЗ, да достави опомена на корисникот на зоната, односно потсетник за навремена достава на бараните податоци од страна на корисникот на ТИРЗ.
Врз основа на горепропишаните законски обврски достава на податоци од страна на корисниците на ТИРЗ до Дирекцијата, согласно одредбите на член 13 став 4 од цитираниот закон, Дирекцијата до крајот на мај во тековната година изготвува извештај за работењето на зоната за претходната година и го доставува до Владата на Република Македонија.
Годишниот извештај за работењето на зоната за период од 01.01. до 31.12.2012 година од страна на Управниот одбор на Дирецијата е разгледан и усвоен на ден 31.07.2013 година и истиот ден е доставен до Владата на Република Македонија, односно со задоцнување од два месеца.

Со ревизијата е констатирано дека корисниците на ТИРЗ ненавремено ги доствуваат податоците до Дирекцијата, поради што Дирекцијата не е во состојба навремено да го изготви и достави извештајот до Владата на Република Македонија.

Со изготвување на овој извештај Владата на Република Македонија има увид во работењето на корисниците на ТИРЗ, обемот на нивното производство, извршениот увоз и извоз, бројот на вработените и други неопходни податоци преку кои податоци се согледува работењето на корисниците на ТИРЗ.

За да се изготви овој годишен извештај потребно е корисниците на ТИРЗ да се придржуваат на законски утврдениот рок за достава на податоците до Дирекцијата, односно до 31.03.2013 година. Ненавременото изготвување на извештајот и негова достава до Владата на Република Македонија се должи на ненавремено доставување на извештаите од корисниците на ТИРЗ врз основа на кои извештаи се составува годишниот извештај.

Имено, Дирекцијата го испочитувала законски предвидениот рок и до корисниците на ТИРЗ најдоцна 15 дена пред истекот на рокот за достава на извештајот, на 13.03.2013 година доставила известување до корисниците на ТИРЗ за обврската за достава на годишен извештај најдоцна до 31.03.2013 година. Корисниците ненавремено испратиле извештај и тоа: и покрај телефонската и електронска комуникација, еден корисник извештајот до Дирекцијата го испратил на ден 15.07.2013 година; еден корисник на ден 18.07.2013 година и еден корисник испратил на ден 23.07.2013 година.

6.2. Дирекцијата како тарифен потрошувач на природен гас непосредно е приклучена на систем за пренос на природен гас и го купува по пропишани тарифни ставки од снабдувач на природен гас со кој има склучено договор за снабдување. Согласно член 9 став 1 од Тарифниот систем за продажба на природен гас на тарифни потрошувачи, во рамките на склучениот договор се уредуваат количините и динамиката на испорака на природен гас, како и условите за испорака. Природниот гас Дирекцијата го дистрибуира на корисниците на ТИРЗ кои истиот го користат во процесот на производство, каде Дирекцијата се јавува како снабдувач со природен гас, а корисниците на ТИРЗ како тарифни потрошувачи.

За извршување на оваа дејност Дирекцијата е носител на три лиценци и тоа:

- Лиценца за вршење на енергетска дејност дистрибуција на природен гас;
- Лиценца за вршење на енергетска дејност снабдување со природен гас на тарифни потрошувачи приклучени на системот за дистрибуција на природен гас и

- Лиценца за вршење на енергетска дејност управување со системот за дистрибуција на природен гас.

Дозволената граница на отстапување на договорената од испорачана т.е. превземена количина се утврдени во Тарифниот систем за пренос на природен гас и Мрежните правила за пренос на природен гас и истите се содржани во одредбите на договорот склучен со снабдувачот.

Во договорот склучен помеѓу снабдувачот на природен гас и Дирекцијата како тарифен потрошувач, во поглавјето “Количини испорачан и преземен природен гас “ е пропишано следното:

> “Дозволена граница на отстапување за помалку преземени количества природен гас од договорените за испорака во текот на една календарска година изнесува 10% од договореното годишно количество (долна граница на отстапување).
> Во случај кога отстапувањето од вкупно преземеното количество природен гас во текот на годината е пониска од 90% од вкупно договореното годишно количество, надоместокот за преземање што треба да го плати Тарифниот потрошувач не може да биде помал од износот што би го платил за преземање на 90% од договореното годишно количество.”

Во договорот склучен помеѓу снабдувачот на природен гас и Дирекцијата како тарифен потрошувач утврдени се годишни количини на Нормален метар кубен (Нм3) природен гас, според кој Снабдувачот презема обврска да испорача, а Тарифниот потрочувач да преземе од Снабдувачот исклучиво за свои потреби.
Според сметководствената документација и евиденција и Извештаите за испорачани количини на природен гас доставувани до Регулаторната комисија за енергетика е утврдено дека дозволените отстапувања на испорачан и примен природен гас отстапуваат од дозволеното во договорот повеќе од 10%. Ваквата состојбаа може да придонесе да се зголемат трошоците за снабдување со природен гас.
За да се намали неизвесноста од настанување на трошоци за надоместок за снабдување со природен гас за неискористени или повеќе искористени количини кои се предвидени во годишните договори за снабдување со природен гас ревизијата препорачува Дирекцијата прецизно да ги планира потребните количини на природен гас во годишните договори за снабдување со природен гас.

ДИРЕКЦИЈА ЗА ТЕХНОЛОШИ ИНДУСТРИСКИ РАЗВОЈНИ ЗОНИ

Сметка на Буџет од самофинасирачки активности (787)

БИЛАНС НА ПРИХОДИ И РАСХОДИ ЗА 2012 година

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | | **во 000 денар** |
| **Опис на позицијата** | **Образложение** | **2012** | **201** |
| **Приходи** | | | |
| Даночни приходи | 3.1.1 | 3,443 | 10,26 |
| Неданочни приходи | 3.1.2 | 138,577 | 105,68 |
| Капитални приходи | 3.1.3 | 1,076 | 1,22 |
| **Вкупно приходи** | | **143,096** | **117,17** |
| **Расходи** | | | |
| **Тековни расходи** | | | |
| Стоки и услуги | 3.2.1 | 117,240 | 69,11 |
| **Вкупно тековни расходи** | | **117,240** | **69,11** |
| **Капитални расходи** | | | |
| Капитални расходи | 3.3.1 | 2,681 | 11,86 |
| **Вкупно капитални расходи** | | **2,681** | **11,86** |
| **Вкупно расходи** | | **119,921** | **80,97** |
| **Остварен вишок на приходи** | | **23,175** | **36,19** |
| **Даноци, придонеси и други давачки од вишокот на приходи - добивка пред оданочување** | | 170 | 5 |
| **Нето вишок на приходи** | | **23,005** | **36,14** |

**ДИРЕКЦИЈА ЗА ТЕХНОЛОШИ ИНДУСТРИСКИ РАЗВОЈНИ ЗОНИ**

**Сметка на Буџет од самофинасирачки активности (787)**

**БИЛАНС НА СОСТОЈБА НА ДЕН 31.ДЕКЕМВРИ**

**во 000 денари**

| Опис на позицијата | Образло-жение | 2012 | 2011 |
|---|---|---|---|
| **Актива** | | | |
| **Тековни средства** | | | |
| Парични средства | 4.1.1 | 23,398 | 36,268 |
| Побарувања | 4.1.2 | 27,288 | 7,071 |
| Побарувања за дадени аванси, депозити и кауции | 4.1.3 | 942 | 71 |
| Побарувања од државата и други институции | 4.1.4 | 11,755 | 3,453 |
| Активни временски разграничувања | 4.1.5 | 25,282 | 10,371 |
| **Вкупно тековни средства** | | **88,665** | **57,234** |
| **Постојани средства** | | | |
| Материјални средства во подготовка | 4.2.1 | 10,397 | 9,620 |
| **Вкупно постојани средства** | | **10,397** | **9,620** |
| **Вкупна актива** | | **99,062** | **66,854** |
| **Пасива** | | | |
| **Тековни обврски** | | | |
| Краткорочни обврски спрема добавувачи | 4.3.1 | 25,128 | 10,371 |
| Примени аванси, депозити и кауции | 4.3.2 | 24 | 0 |
| Обврски спрема државата и други институции | 4.3.3 | 1 | 0 |
| Обврски за даноци и придонеси од добивката | 4.3.4 | 129 | 0 |
| Пасивни временски разграничувања | 4.358 | 63,332 | 46,812 |
| **Вкупно тековни обврски** | | **88,614** | **57,183** |
| **Долгорочни обврски** | | **0** | **0** |
| **Извори на средства** | | | |
| Извори на капитални средства | 4.4.1 | 10,448 | 9,671 |
| **Вкупно извори на деловни средства** | | **10,448** | **9,671** |
| **Извори на други средства** | | **0** | **0** |
| **Вкупна пасива** | | **99,062** | **66,854** |

| ДИРЕКЦИЈА ЗА ТЕХНОЛОШИ ИНДУСТРИСКИ РАЗВОЈНИ ЗОНИ | | |
|---|---|---|
| **Сметка на Буџет од самофинасирачки активности (787)** | | |
| ПРЕГЛЕД | | |
| НА ПРОМЕНИ НА ИЗВОРИ НА КАПИТАЛНИТЕ СРЕДСТВА ЗА 2012ГОДИНА | | |
| | | |
| | | |
| | | **во 000 денари** |
| **О П И С** | **Државен јавен капитал** | **Вкупно** |
| | | |
| **Состојба 01.01.2011 година** | 9,671 | 9,671 |
| | | |
| **Зголемување по основ на:** | 777 | 777 |
| Набавки | - | - |
| Инвестиции во тек-градежни објекти опрема и др. | 777 | 777 |
| **Состојба 31.12.2011 година** | 10,448 | 10,448 |

Република Македонија
**Дирекција за технолошки индустриски развојни зони**

[redacted]

Број: 03-189/8
Датум: 30.10.2013

07-11-2013
18 228/6

DTIDZ
REPUBLIC OF MACEDONIA

Дирекција за технолошки индустриски развојни зони

Бул.Партизански одреди бр.2
П.Фах 311, 1000 Скопје,
Република Македонија
Тел. (02) 3111 166
Факс. (02) 3111 177
Е-пошта: info@fez.gov.mk
www.fez.gov.mk

**До**
**Државен завод за ревизија**
**Ул. Македонија 12/3**
**100 Скопје**

**Дата: 29.10.2013**

**Ваш арх. бр. 18-228/5 од 30.09.2013 година**
**Наш арх. бр. 03-189/4 од 01.10.2013 година**

**Предмет: Известување по однос на Нацрт извештај за извршена ревизија на финансиски извештаи и ревизија на усогласеност - сметка на буџет од самофинансирачки активности 787**

Почитувани,

Во врска со дописот Ваш арх. бр. 18-228/5 од 30.09.2013 год. со кој е доставен 1 (еден) примерок од Нацрт извештајот и Менаџерскиот извештај на Овластениот државен ревизор за извршена ревизија на финансиските извештаи заедно со ревизија на усогласеност на Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони за 2012 година укажуваме дека Извештајот треба да даде реална слика за работењето на Дирекцијата за 2012 година која е предмет на ревизија. Исто така нагласуваме дека пристапот на утврдување на фактите по сите основи и аспекти од работењето на Дирекцијата треба да биде ист. Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони Ве известува за следното:

**1. По однос на точка 3 Наоди и препораки, подточка 3.1.1 Биланс на состојба** укажуваме дека Побарувања кои се однесуваат за 2011, а се евидентирани во 2012 и побарувања кои се однесуваат за 2012, а се евидентирани во 2013 година не постојат.
Обврски кои се однесуваат за 2011, а се евидентирани во 2012 и обврски кои се однесуваат за 2012, а се евидентирани во 2013 година постојат. Причината е во задоцнето доставување на документи (фактури или ситуации) од страна на изведувачите на градежни работи и други услуги.
Авансите исплатени преку сметката 787 се евидентирани во годините кои се предмет на ревизија, истото се однесува и за даноците пресметани и исплатени согласно законските прописи.
Обврски по основ на придонеси не постојат бидејќи од оваа сметка не се исплаќаат плати. Депозитите се однесуваат на сметката 603, а кауции не постојат.

Реален увид на побарувањата и обврските постои (Ви беа дадени во моментот на извршување на ревизијата прегледи на побарувања и обврски по срочност по месеци), истите се пријавени во Министерството за финансии согласно законските прописи.
Бидејќи усогласувањето на побарувања и обврските е најдоцна 20 дена пред доставување на завршната сметка, сите обврски кои се доставени до Дирекцијата за ТИРЗ после овој период не се евидентирани од причина што веќе се изготвува завршната сметка (член 35 од Правилникот за сметководство на буџетите и буџетските корисници). Износот на овие обврски е незначителен во однос на вкупните обврски за годината која е предмет на ревизија и истите се исплатени до денот на започнување на ревизијата. Воедно укажуваме дека превземени се мерки за спроведување на попис согласно постоечките законски мерки на начин поразличен од оној што ревизијата смета дека треба да се примени. Сметаме дека користени се престроги формулации кои не соодејствуваат со реалното работење на Дирекцијата. Од овие причини сметаме/бараме да се преформулираат забелешките со соодветна терминологија како би биле соодветни и би одговарале на вистинската слика на работењето на Дирекцијата.

**2. По однос на точка 4 Ревизорско мислење став 1 Вкупни ефекти од наодите,** каде е наведено дека има помалку искажани приходи во Билансот на приходите и расходите за 2012 год. истакнуваме дека Билансот на приходи и расходи е изготвен согласно чл.17 од Законот за сметководство на буџетите и буџетските корисници и чл. 18 од Правилникот за сметководството за буџетите и буџетските корисници според кои признавањето на приходите и другите приливи, расходите и другите одливи содржани во главната книга на буџетитие и буџетските корисници се спроведува според сметководственото начело на парично искажување. Приходите и другите приливи се признаваат во пресметковниот период во која настанале според критериумот на мерливост и расположливост. Приходите и другите приливи се мерливи кога е можно да се искажат вредносно. Приходите и другите приливи се расположливи кога се остварени во пресметковниот период. Од овие причини имајќи ги предвид наведените законски и подзаконски акти сметаме дека делот *"помалку искажани приходи во Билансот на приходите и расходите за 2012 година"* треба да изостане од Извештајот.

Врз основа на горенаведеното, сметаме дека во делот Резиме став 3 каде *"изразено е негативно мислење во однос на вистинитоста и објективноста на Билансот на состојба, мислење со резерва за Билансот на приходи и расходи и за усогласеноста со законските прописи во финансиските*

*трансакции за 2012 година"* ваквите формулации не го прикажуваат работењето на Дирекцијата за ТИРЗ на реален, објективен и вистинит начин и даваат нереална претстава за фактичката состојба на работењето на Дирекцијата.

Затоа предлагаме да се употреби соодветна терминологија која ќе биде адекватна и ќе даде реална и вистинска слика за работењето на Дирекцијата.

Со почит,

Директор,
Виктор Мизо

**Прилог: број 2**

**Одговор**

**на забелешки на Нацрт извештајот на Овластениот државен ревизор**

Директорот на Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони на ден 30.10.2013 година, достави забелешки на Нацрт извештајот на овластениот државен ревизор за извршена ревизија на финансиските извештаи и ревизија на усогласеност за 2012 година на Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони (Дирекцијата) за Сметка на буџет од самофинансирачки активности – 787, заведени во Државниот завод за ревизија под број 18-228/3 од 07.11.2013.

Овластениот државен ревизор ги разгледа Забелешките на Нацрт извештајот и по истите се произнесе како што следува:

1. Упатената забелешка на **точката 3.1.1.** која се однесува на не извршениот попис **не се прифаќа,** во Конечниот извештај ќе се изврши прецизирање на констатациите.
2. На упатената забелешка на делот од поглавјето која се однесува на ревизорското мислење како и на соодветниот дел од резимето од приговорот на субјектот, ревизијата не се произнесува од причини што ревизорското мислење претствува евалуација односно резултат од констатираните состојби во извештајот кои се пресликуваат и во резимето на извештајот.

Ревизорски тим: Овластен државен ревизор

1. ______________________

2.______________________ ____________________________

3.______________________

4.______________________